Врз основа на одредбите од член 387, член 388 и член 388-а од Законот за трговските друштва, а во согласност со одредбите од член 39 и член 40 од Статутот на Акционерско друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, со седиште на ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Претседателот на Одборот на директори на ВАБТЕК МЗТ АД Скопје го објавува следниот:

**Ј А В Е Н  П О В И К**
**за учество на седница на Годишно Собрание на Друштвото**

Седницата на Годишното Собрание на Акционери на Акционерското друштво за производство на сопирачка опрема ВАБТЕК МЗТ АД Скопје, ќе се одржи на **30 Мај 2025 година (Петок) во 12:30 часот,** во седиштето на Друштвото, на адреса на ул. Перо Наков бр. 124, 1000 Скопје, Република Северна Македонија со следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Избор на записничар и бројач на гласови;
3. Разгледување и усвојување на поединечни годишни сметки и финансиски извештаи за 2024 година на Друштвото;
4. Разгледување и усвојување на консолидирани годишни сметки и финансиски извештаи и годишниот извештај за работа за 2024 година на Друштвото;
5. Одобрување на работата на членовите на Одборот на директори;
6. Донесување одлука за покривање на загубата;
7. Донесување одлука за избор на Овластена ревизорска куќа за вршење ревизија на финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година;
8. Донесување на одлуки за одобрување на зделки со заинтересирани страни;
9. Друго.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието. Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото должен е да го пријави своето учество (Пријава за учество на Собрание) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на Дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва. Гласањето по точките од Дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски.

Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната страница на Друштвото www.wabteccorp.com.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од истиот.

Акционерите можат да доставaт предлози за нови точки во Дневниот ред, предлози на одлуки и прашања во рок од 8 дена од датумот на објавата на Јавниот повик, а подетални информации за постапката за предлагање точки на Дневен ред, поставување прашања и предлагање одлуки од страна на акционерите ќе бидат достапни на страницата на Друштвото www.wabteccorp.com.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации, согласно Законот за трговски друштва ќе им се достапни на сите акционери од денот на објавувањето на Јавниот повик, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот, во просториите на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото www.wabteccorp.com.

Одбор на директори